ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО ТРПОВСКИ,,- СКОПЈЕ
ул. „Радика“ бр.9, 1000 Скопје - тел : 3071656, 307165/ www.lazotrpovski.mk/ e mail:trpovskilazo@gmail.com

ЕТИЧКИ КОДЕКС

ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ,РОДИТЕЛИ И НАСТАВНИЦИ

усогласен со План за одржување на настава и Протокол за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно – образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година во време на пандемија од КОВИД 19

Кодекс за ученици

- Учениците во Училиштето доаѓаат 15 минути пред отпочнување на наставата
- Учениците се движат по обележените патеки/приоди наменети за нивното одделение
- Учениците не смеат да се групираат со ученици од иста паралелка, со ученици од други паралелки, ниту да се поздравуваат
- Учениците при влегување и престојот во Училиштето задолжително носат заштитна маска/прекривка на лице и ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар. Заштитната маска/прекривка на лице не е задолжителна кога престојуваат на отворено (во училишниот двор), но со одржување на препорачаната дистанца
- Пред влегување во Училиштето, на учениците им се мери телесна температура со безконтактен топломер, со одржување на дистанца од 1,5 метри помеѓу секој од нив
- Во случај на зголемена температура (над 37,4º) не се дозволува влегување на ученикот во Училишната зграда и родителот и ученикот се упатуваат на консултација кај матичен лекар. Доколку ученикот не е придружуван од родител, ученикот се одвојува на безбедно растојание од другите ученици, под надзор на одговорно лице, а одделенскиот раководител го повикува родителот да го преземе детето и истите се упатуваат кај матичен лекар
- Ученици со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
- Учениците при влегување во Училиштето ги дезинфицираат рацете и обувките

- При влегување и движење во Училиштето, учениците се должни да ги следат упатставата на одделенскиот раководител/наставник, со задолжителна дистанца од 1,5 метри
- Учениците се должни да ги следат упатствата за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.
- Учениците треба да ги потсетуваат и другите учениците на овие правила
- Во училницата, ученикот се грижи исправно да ја носи маската/прекривката на лицето и за физчкото растојание од 1,5 метри помеѓу него и останатите ученици, како и помеѓу него и наставникот
- Доколку наставата се организира на отворено во учичишниот двор, маските/прекривките не се задолжителни, но учениците се должни да ја одржуваат препорачаната физичка дистанца од 1,5 метри
- Учениците можат да донесат ужина од дома или да земаат од училиште
- Храната се консумира во училница и само тогаш можат да ја отстранат маската/прекривката од лице во училница.
- Пред и по конзумирање на ужината, учениците ги мијат и дезинфицираат рацете, како и по враќање од голем одмор во училница
- За време на големиот одмор, учениците се должни да одржуваат физичка дистанца помеѓу нив
- При употреба на тоалетот ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре и да ги следи упатствата на дежурното лице од техничкиот персонал
- Доколку му е потребна помош при користење на тоалетот, ученикот го повикува дежурното лице од техничкиот персонал задолжено за катот на кој се наоѓа
- По употреба на тоалетот, ученикот задолжително ги мие рацете со вода и сапун, а пред влегување во училницата, ги дезинфицира
- При минувањето низ заедничките простории, учениците со наставникот го чекаат својот ред, притоа не допирајќи површини или предмети во просторот каде се движат
- Учениците се придржуваат на обележените правци за еднонасочно движење низ просториите и кон упатставта на наставникот за користење на соблекувалните, излегувањето и влегувањето во истите, во салата за ФЗО
- Доколку во паралелка има ученик со попреченост придружуван од образовен асистент, учениците се должни и кон нив да ги применат сите мерки на физичка дистанца
- Учениците се должни редовно да ја посетуваат наставата, освен ако се болни и имаат оправдание од лекар

- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование
- Ученикот кој не можел да биде оценет(се однесува на ученици кои ќе следат настава на далечина од 4-9 одд) поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование

Изготвил:
Педагог:Рената Поповска

Директор
_____
Соња Јовановска